Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-524/3
Датум: 31-10-2024

Постапувајќи по претставка бр. 08-524/1 од 19.7.2024 година, поднесена од политичката партија Левица - ЛО Тетово против лицето Билал Касами, за заштита од дискриминација врз основа на национална или етничка припадност во областа на културата, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став 1 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**
**За отфрлање на претставката поради неуредност**

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08 – 524/1 од 19.07.2024 година, поднесена од страна на политичката партија Левица - ЛО Тетово против лицето Билал Касами, за заштита од дискриминација врз основа на национална или етничка припадност во областа на културата **ПОРАДИ НЕУРЕДНОСТ.**

**О б р а з л о ж е н и е**

На 19.7.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација врз основа на национална или етничка припадност во областа на културата, од страна на политичката партија Левица - ЛО Тетово против лицето Билал Касами.

Согласно член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација претставката треба да ги содржи следниве елементи: податоци за подносителот (име и презиме и адреса), податоци за лицето против кого се поднесува претставката (име и презиме и адреса), **околностите и фактите врз кои се темели претставката (дескриптивен опис на настанот)**, податоци за правните дејства што претходно ги вложил подносителот, доколку ги има и потпис на подносителот.

Од причина што претставката не содржеше опис на фактичката состојба, односно текстуална содржина во однос на дејствијата на дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 16.8.2024 година испрати Барање за доуредување на претставката до политичката партија Левица - ЛО Тетово, на адресата наведена во претставката.

Обидот за поштенска достава на Барањето за доуредување на адресата наведена во претставката беше неуспешен, а поштата беше вратена со назнака „известен-не побарал". Од таа причина, Комисијата на ден 27.9.2024 година направи втор обид за поштенска достава на адресата, при што поштата повторно беше вратена со назнака „известен-не побарал".

**Врз основа на наведеното, Комисијата констатира дека претставката е неуредна, односно не ги содржи основните елементи за постапување предвидени со член 24, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.**

Следствено на тоа, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја отфрли претставката со бр. 08 – 524/1 од 19.7.2024 година поради неуредност.

Скопје
30.10.2024 година

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател
Лимко Бејзароски

Доставено до:

- Политичка партија Левица – ЛО Тетово, ул. Маршал Тито бр. 5 (Базар), 1200 Тетово